Градска општа болница
8-МИ СЕПТЕМВРИ
Скопје

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА ДЕЈНОСТ

**Пациентите кои сакаат да добијат здравствени услуги побрзо од времето утврдено со листата на закажани прегледи и интервенции, задолжително треба да достават писмено барање за да добијат услуга од определен здравствен работник надвор од редовното работно време на здравствениот работник во дополнителна дејност.**

Ве информираме дека согласно член 222, 223 и 224 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), во болницата се врши дополнителна дејност.

**Здравствената услуга извршена преку дополнителна дејност е целосно на товар на пациентот како осигурено и неосигурено лице.**

**Пациентот како осигурено лице нема право да бара надоместок на трошоците на здравствената услуга извршена како дополнителна дејност од Фондот, со однапред потпишана изјава.**

**Во дополнителна дејност не може да бидат третирани витално загрозени пациенти, пациенти со скршеници, пациенти со мозочен удар, како и пациенти со малигноми.**

Ценовникот и начинот на вршењето на дополнителна дејност ги утврдува директорот, во согласност со министерот за здравство кој со Решение бр. 10-6790/2 од 20.09.2018 година даде согласност за примена на Ценовникот на здравствени услуги за вршење на дополнителна дејност на ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ – Скопје бр. 03-3435/1 од 18.09.2018 година.

Дополнителната дејност во болницата се врши надвор од работното време на здравствениот работник, секој работен ден по 17.00 часот и/или во сабота и/или недела.

За извршените специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги во вршењето на дополнителната дејност, здравствениот работник ја води пропишаната медицинска документација и евиденција согласно прописите за евиденциите во областа на здравството и за здравствената заштита, при што се евидентира дека здравствената услуга е извршена во рамките на дополнителната дејност.

**ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“**
**в.д. Директор**
**Доц. д-р Христијан Костов**